Центарот за граѓански иницијативи (ЦЦИ) од Босна и Херцеговина во име на Мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), објави повик за финансиска поддршка на организации кои се регистрирани и делуваат во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција.




Целта на овој повик е да обезбеди поддршка на локалните граѓански организации во спроведувањето активности за борба против корупцијата во земјите од Западен Балкан кои се дел од регионалната и програмата на Европската Унија. Нивните активности исто така треба да бидат во согласност со проблемите идентификувани во [Регионалниот извештај за борба против корупцијата](), [Системот за следење на корупција]() и [Стратегијата СЕЛДИ 2020]().

Планираните средства за распределба изнесуваат 60.000 евра, а поединечните грантови треба да бидат најмалку 5.000 евра, но не повеќе од 12.000 евра.

**Рокот за поднесување на краткиот концепт на проектот е 04.03.2019 и треба да се испрати електронски на seldigrants@ccibh.org**.

**Преземете ги сите информации поврзани со повикот** : целите и очекуваните резултати, условите за пријавување, подобните активности, начинот на пријавување и документите.

Доколку имате проблеми околу преземањето и/или имате дополнителни прашања, може да ни испратите е-маил  на seldigrants@ccibh.org, најкасно до 11.02.2019 г.

ЦЦИ е партнер на програмата: „ Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: Градење на капацитети за мониторинг застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ) ", која се спроведува од мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), чиј координатор е МЦМС.

Програмата е финансирана од Европската Унија.